Врз основа на член 50 став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 30 став (6) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 9 септември 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одземање на лиценца за вршење на енергетска дејност Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС**

1. СЕ ОДЗЕМА лиценцата за вршење на енергетска дејност Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС на Друштвото за градежништво, трговија и услуги ГУЛИВЕР ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, издадена со Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт-трговија на големо со Еуродизел БС бр.11-81/13 од 11 јули 2013 година, изменета со Одлука бр.11-81/13 од 21 јули 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.99/13 и 102/17), со евидентен број на лиценца НД-40.03.1/13.2/17.
2. Лиценцата се одзема поради тоа што носителот на лиценцата престанал да ги исполнува условите за вршење на енергетската дејност за која е издадена лиценцата, во однос на основните средства со кои ја врши дејноста.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ а ќе се објави и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за градежништво, трговија и услуги ГУЛИВЕР ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, е носител на лиценца за трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо Еуродизел БС.
Согласно податоците со кои располага Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) утврди дека е истечен рокот на важење на Договорот за закуп на основни средства (резервоарски капацитети) на ул. Шар Планина бр.12 Скопје, во сопственост на Друштво за градежништво БЕТОН АД Скопје.

Со тоа Друштвото за градежништво, трговија и услуги ГУЛИВЕР ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, престанало да ги исполнува условите за вршење на енергетската дејност за која е издадена лиценцата согласно член 50 став (1) точка 5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) и член 30 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21).

Поради настанатата промена како причина за отпочнување на постапка за одземање на лиценцата, а согласно член 50 став (2) од Законот за енергетика* и член 30 став (2) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика со Известување за постоење на причини за отпочнување на постапка за одземање на лиценца бр.11-1150/1 од 16 јуни 2021 година го задолжи носителот на лиценцата во рок од 7 дена од добивање на известувањето, да достави доказ за правото на сопственост или правото на користење на основните средства со кои друштвото ја врши дејноста (сопственост - имотен лист, закуп- имотен лист со прибележан договор за закуп и договорот за закуп). Резервоарите треба да се запишани во

имотниот лист во $m^3$.

Во оставениот рок друштвото носител на лиценцата не достави доказ за правото на користење на основните средства со кои ја врши дејноста.

Со оглед на тоа што друштвото не достави доказ дека поседува основни средства во сопственост или на користење за вршење на енергетската дејност, а кои се основа за издавање на лиценцата, Регулаторната комисија за енергетика согласно член 50 став (3) од Законот за енергетика* и член 30 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за започнување на постапка за одземање на лиценцата за Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.170/21).

Регулаторната комисија за енергетика со споменатата одлука согласно член 50 став (4) од Законот за енергетика и член 30 став (4) од Правилникот за лиценци го задолжи Друштвото, да преземе мерки и активности за обезбедување на основни средства за вршење на дејноста за која е издадена лиценцата и да достави до Регулаторната комисија за енергетика доказ за право на сопственост или право на користење на основните средства - резервоари за вршење на дејноста.

Друштвото не постапи по задолжувањето со одлуката и не ги исполни обврските во оставениот рок.

Согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги бр.01-898 од 30 март 2020 година, ако за одлучување по прашањата од став (3) точки 4), 5) и 6) од член 5 Регулаторната комисија за енергетика утврди дека нема потреба од одржување на подготвителна седница, ќе донесе решение актот за кој се одлучува да се донесе на седница без одржување на подготвителна седница.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест, а во интерес на зачувување на здравјето на странките Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение бр.02-1653/2 од 9 септември 2021 година, одлучи да се одржи седница за донесување на ова решение, без одржување на подготвителна седница.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 11-81/13**
**9 септември 2021 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Në bazë të nenit 50 paragrafi (5) të Ligjit të Energjetikës* (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 96/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 96/19) dhe nenit 30 paragrafi (6) të Rregullores së Licencave (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 9 shtator 2021, miratoi

**V E N D I M**
**për marrjen e licencës për kryerjen e veprimtarisë energjetike të tregtisë me shumicë me naftë të papërpunuar, me derivate të naftës, me biokarburante dhe me karburante për transport - tregti me shumicë me Eurodizel BS**

1. I MERRET licenca e kryerjes së veprimtarisë energjetike të tregtisë me shumicë me naftë të papërpunuar, me derivate të naftës, me biokarburante dhe me karburante për transport - tregti me shumicë me Eurodizel BS të Shoqërisë së Ndërtimtarisë, të Tregtisë dhe të Shërbimeve “GULIVER INZHENERING” SHPKNJP Shkup, të lëshuar me Vendimin për Lëshimin e Licencës së Kryerjes së Veprimtarisë Enerjetike të Tregtisë me Shumicë me Naftë të Papërpunuar, me Derivate të Naftës, me Biokarburante dhe me Karburante për Transport - Tregti me Shumicë me Eurodizel BS nr. 11-81/13, datë 11 korrik 2013, të ndryshuar me Vendimin nr. 11-81/13, datë 21 korrik 2017 (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 99/13 dhe 102/17), me numër evidentues të licencës ND - 40.03.1/13.2/17.

2. Licenca merret për shkak se bartësi i licencës nuk i plotëson më kushtet për kryerjen e veprimtarisë energjetike, për të cilën është lëshuar licenca, në raport me mjetet themelore, me të cilat e kryen veprimtarinë.

3. Ky vendim hyn në fuqi në datën e miratimit të tij dhe botohet në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut” dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**PA1 nr. 11-81/13**
**9 shtator 2021**
**Shkup**

**Kryetari i**
**Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Марко Бислимоски**